

Учениците од трето - 2 одд. од основното училиште "Ѓорѓи Сугарев"- Битола на достоинствен начин, соодветен на нивната возраста, го одбележаа 4 Ноември - Денот на ослободувањето на град Битола. Тие ја развеселија нашата установа со изработка на постер со стихови од песната "Битола,мој роден крај". Строфа по строфа ја откриваа содржината и ја пееја со нескриена емоција.

Беше убаво да се слуша" Битола, мој роден крај, за тебе пеам од срце знај" испеана од нежните детски гласови. На крајот наставничката Наташа Тодоровска им приреди изненадување со интерактивен квиз за тоа - Колку го познаваме градот Битола. Учениците се натпреваруваа и откриваа интересни факти за градот.

Повеќе фотографии на следниот линк: NUUB Facebook